09-2377/2
07-09-2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), како и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (пречистен текст), постапувајќи по пријава, на 51та седница, продолжение одржано на ден 01.09.2020 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот 09-519/1 од 24.01.2020 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за постапување бидејќи службеното лице ------, постапи по одлуката на ДКСК со бр. 09-519/6 од 16.102020 година за констатиран судир, односно поднесе оставка од функцијата член на орган на управување – Училишен одбор на --------------.

Предметот со број 09-519/1 од 24.01.2020 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-519/1 од 24.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава за покренување постапка за утврдување судир на интереси против членот на Совет на Општина ----------, ---------- од познат подносител, со наводи дека членот на Совет на Општина -------, --------- истовремено ја извршува и функцијата член на орган на управување – Училишен одбор на СУГС „-----------.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во претставката достави барање до наведеното училиште за обезбедување на податоци дали лицето ------------- е именувана за член на Училишен одбор на ----------- и доколку е именувано наведеното лице во прилог да се достави решение од именување на Член на училишен одбор во ------------ . Во законски утврдениот рок СУГС „---------- ги достави бараните податоци, при што се констатира следнава фактичка состојба: Лицето --------- е член на Училишен одбор во СУГС „------------, именувано со Одлука (бр. 07-9871/15 од 27.12.2017 година) од Советот на Град -----.

Понатаму, по увид во Изјавата на за интереси на лицето -------- доставена на 21.11.2017 година се констатира дека наведеното лице е избрано за член на Совет на општина ------- на локалните избори во 2017 година со број на акт 11-275/1 од 25.10.2017 година.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 39-ва седница заклучи дека во конкретниот случај **се потврдуваат наводите во пријавата**, односно **се потврдува состојба на судир на интереси** кај лицето -----------. Статусот на избрано лице, оневозможува истовремено извршување на повеќе функции и должности, во овој случај две функции, бидејќи тоа е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси: (4)„*Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“*

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите Одлуката за констатиран судир се достави до лицето -------- со која и се укажа на неопходноста да преземе чекори во насока на отстранување на утврдените повреди на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на начин што во рок од 15 дена од доставувањето на одлуката да се откаже од една од функциите кои во моментот ги извршува, за истото да ја извести Државната комисија со приложување на доказ за постапувањето.

На ден 28.10.2020 година пристигнато е известување од наведеното лице дека постапило по Одлуката на Државната комисија.

Понатаму, од страна на Град ---------- е доставена Одлука за разрешување и именување претставник на Град ------- во Училишен одбор во СУГС „----------- од 09.12.2020 година со која од должност претставник на Град -------- во училишниот одбор во СУГС „------- се разрешува -----------, на нејзино место е именувано лицето -------------.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил:
С.М - Виш Соработник
Одобрил:
Г.Т., член на ДКСК